**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**

Натпревари по хемија 2016

http://www.pmf.ukim.edu.mk/PMF/Chemistry/sojuz/natprevari-2016-mk.htm

# ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

1) Натпреварот трае **вкупно 150 минути** за двата дела (прашања + задачи).
2) Секој натпреварувач дава податоци за себе на предвиденото место, во горниот дел на листот.
3) Вкупниот број на поени што може да се освојат е 50 (25 + 25). За да се добијат сите поени (5) на една задача, мора да бидат точни и бројната вредност (3 поена) и единицата (2 поена). Не се доделуваат поени ако е точна само единицата.
4) Ученици од исто училиште треба да бидат максимално **оддалечени** еден од друг во училницата (распоредот да го направи дежурниот наставник).
5) Натпреварувачите се должни да носат со себе **сино хемиско пенкало** и калкулатор („дигитрон“).
6) Тестовите се изработуваат користејќи го хемиското пенкало. **Не е дозволено да се работи со молив**.
7) На делот со повеќе понудени одговори од кои еден е точен, **не смее да се врши поправање/преправање** на резултатот. Било какви поправки, шкртаници или заокружени два или повеќе одговори автоматски се оценуваат како погрешен одговор.
8) Забранета е употреба на **мобилни телефони** (најдобро е мобилните телефони да се соберат на почетокот на натпреварот и да се вратат по неговото завршување).
9) Забранет е **било каков** разговор меѓу натпреварувачите.
10) Забранета е употреба на **книги, тетратки, ливчиња, таблица на периоден систем** и слично. Сите потребни податоци се дадени во тестот. Натпреварувачите добиваат доволно празни листови (5) за решавање на тестот од жири-комисијата. Деловите што не треба да се прегледуваат, да се прешкртаат двојно. Крајниот резултат (а кај задачите и начинот на решавање) треба да бидат предадени **чисто и прегледно**.
11) Забранета е употреба на **џебни компјутери** наместо калкулатори (проверката да се изврши пред почетокот на натпреварот).
12) Ако натпреварувачот сака да постави прашање, прашањето мора да биде поставено тивко, кратко и јасно. Доколку дежурниот наставник заклучи дека прашањето заслужува одговор, тој гласно го повторува прашањето и дава одговор. Во спротивно, повторно гласно, се одговара (на пример: „Тоа не е од значење за натпреварот“, „Тоа би требало да го знаеш“, „Токму тоа е прашањето на кое треба да одговориш“ и слично).
13) Натпреварувач што нема да се придржува до некое (или повеќе) од овие правила/препораки, може да биде исклучен од натпреварот.